РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Су.бр. 133/2024
31.1. 2024 година
Скопје

Врз основа на член 15 став 1 од Правилникот за вработување и унапредување во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија Су.бр.46/21 од 20 јануари 2021 година, Су.бр.70/2022 од 24 јануари 2022 година и Су.бр.149/2023 од 26 јануари 2023 година, Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 31 јануари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати**

За извршители на работното место-административен работник-технички секретар во Одделението за општи и административно-технички работи се избираат кандидатите:
- Емилија Јагуриноска;
- Берин Бафтијар;
- Ана Спироска; и
- Валдете Сулејмани.

**Образложение**

Уставниот суд на Република Северна Македонија, на 12 јануари 2024 година објави Јавен оглас бр.1/2024 во два дневни весници („Нова Македонија“ и „Коха“) и на интернет страницата на Уставниот суд, за вработување на неопределено време на работното место-административен работник-технички секретар во Одделението за општи и административно-технички работи во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија (четворица извршители).

Комисијата за организациони и кадровски прашања на ден 23 јануари 2024 година изврши административна селекција на поднесените пријави за што беше составен Записник од извршена административна селекција на поднесени пријави за вработување на неопределено време Су.бр.97/2024 од 23 јануари 2024 година, а на ден 24 јануари 2024 година, Комисијата со кандидатите кои што аплицирале за работното место спроведе интервју.

Врз основа на спроведената постапка и резултатите од истата, Комисијата состави Извештај за спроведената постапка за вработување на неопределено време во Стручната служба на Уставниот суд на Република Северна Македонија, со ранг листа на кандидати и предлог за избор на кандидат за работното место Су.бр.107/2024 од 25 јануари 2024 година.

Согласно член 15 став 1 од Правилникот, а врз основа на доставениот предлог од страна на Комисијата, Судот донесе одлука за избор на кандидатите наведени во изреката на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од нејзиното објавување на интерент страницата на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

**Претседател**
**на Уставниот суд на Република Северна Македонија,**
Добрила Кацарска